## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**804.**

Врз основа на член 137 став 3 од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ” бр.14/06, 24/07 и 103/08), министерот за транспорт и врски донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЛИЦА ЗА ИСПИТУВАЧИ ВО ЛИСТАТА НА ВОЗДУХОПЛОВНИ СТРУЧЊАЦИ

Член 1

Во Правилникот за критериумите за овластување на лица за испитувачи во листата на воздухопловни стручњаци („Службен весник на РМ” бр.44/07), во Прилогот на правилникот, точката 9 се менува и гласи:

“9. Критериуми за испитувачи за спроведување на теоретскиот и практичниот дел од испитот за стекнување со уверение за стручна оспособеност на персоналот кој врши обезбедување од дејствија на незаконско постапување

9.1. Критериуми за испитувачи за теоретскиот дел од испитот за стекнување со уверение за стручна оспособеност на персоналот кој врши обезбедување од дејствија на незаконско постапување

1. Основна обука за безбедност – лице со високо образование и лиценца за обезбедување на имоти и лица или искуство од другите безбедносни структури како полициските и воените служби; сертификат од ICAO инструкторски курс или било кој друг ICAO/ECAC курс кој одговара на таа позиција; најмалку 5 години работно искуство во операциите поврзани со обезбедување од дејствија на незаконско постапување; активно познавање на англискиот јазик; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

2. Преглед на лица, рачен и тежок багаж, карго и поштенски пратки – лице со високо образование и лиценца за обезбедување на имоти и лица или искуство од другите безбедносни структури како полициските и воените служби; сертификат од ICAO инструкторски курс или било кој друг ICAO/CAC курс кој одговара на таа позиција; најмалку 5 години работно искуство во операциите поврзани со обезбедување од дејствија на незаконско постапување; или лице кое има понизок степен на образование, а кое поседува најмалку 5 години работно искуство во оваа област; активно познавање на англискиот јазик; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

3. Аеродромска безбедност – лице со високо образование и лиценца за обезбедување на имоти и лица или искуство од другите безбедносни структури како полициските и воените служби; сертификат од ICAO инструкторски курс или било кој друг ICAO/ECAC курс кој одговара на таа позиција ; најмалку 5 години работно искуство во операциите поврзани со обезбедување од дејствија на незаконско постапување; активно познавање на англискиот јазик; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

4. Мерки за безбедност кои ги превземаат авиокомпаниите - лице со високо образование и лиценца за обезбедување на имоти и лица или искуство од другите безбедносни структури како полициските и воените служби; сертификат од ICAO инструкторски курс или било кој друг ICAO/ECAC курс кој одговара на таа позиција; најмалку 5 години работно искуство во операциите поврзани со обезбедување од дејствија на незаконско постапување; активно познавање на англискиот јазик; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

5.Организација на сообраќајот на пристанишната платформа - лице воздухопловно сообраќаен инженер или лице со важечка дозвола/уверение за стручна оспособеност на прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта со важечко овластување за кое кандидатот го полага испитот и важечко инструкторско овластување; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

6. Процедури при вонредни состојби – лице со високо образование и лиценца за обезбедување на имоти и лица или искуство од другите безбедносни структури како полициските и воените служби; сертификат од ICAO инструкторски курс или било кој друг ICAO/ECAC курс кој одговара на таа позиција; најмалку 5 години работно искуство во операциите поврзани со обезбедување од дејствија на незаконско постапување; лице со важечка дозвола/уверение за стручна оспособеност на противпожарна заштита на воздухоплови и аеродроми; со важечко овластување за кое кандидатот го полага испитот и важечко инструкторско овластување или лице со важечка дозвола/уверение за стручна оспособеност на прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта со важечко овластување за кое кандидатот го полага испитот и важечко инструкторско овластување; активно познавање на англискиот јазик; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

7. Воздухопловни прописи - лице дипломиран правник со важечка дозвола/уверение за стручна оспособеност врз основа на кои спаѓа во персонал во воздухопловството или друг стручен персонал или дипломиран правник со работно искуство во воздухопловството; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

9.2. Критериуми за испитувачи за практичниот дел од испитот за стекнување на уверение за стручна оспособеност за обезбедување од дејствија на незаконско постапување

1. Испитувач за практичниот дел од испитот за стекнување со уверение за стручна оспособеност за обезбедување од дејствија на незаконско постапување за предметот: “Преглед на лица, рачен и тежок багаж, карго и поштенски пратки”: лице со високо образование и лиценца за обезбедување на имоти и лица или искуство од другите безбедносни структури како полициските и воените служби; сертификат од ICAO инструкторски курс или било кој друг ICAO/ECAC курс кој одговара на таа позиција; најмалку 5 години работно искуство во операциите поврзани со обезбедување од дејствија на незаконско постапување; или лице кое има понизок степен на образование, а кое поседува најмалку 5 години работно искуство во оваа област; активно познавање на англискиот јазик; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела”.

Точката 24 се менува и гласи:

“24. Критериуми за испитувачи за спроведување на теоретскиот и практичниот дел од испитот за стекнување со уверение за стручна оспособеност за персоналот за регулирање на проток на сообраќај (FMP персонал)

24.1. Критериуми за испитувачи за теоретскиот дел од испитот за стекнување со уверение за стручна оспособеност за FMP персонал

1. Воздухопловни прописи - лице дипломиран правник со важечка дозвола или уверение за стручна оспособеност за персонал во воздухопловство или лице со стручна подготовка или оспособеност за ЕУ правото и со сертификат за завршена обука за NSA; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

2. Вовед во АТМ услуги - лице со уверение за стручна оспособеност на FMP персонал или инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основ на воздухопловни прекршоци и дела.

3. Воздухопловно информирање - лице со уверение за стручна оспособеност на персонал за инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

4. Метеорологија - лице метеоролог со важечка дозвола за работа и овластување прогностичар инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

5. Навигација - лице со важечка дозвола за контролор на летање; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

6. Воздухоплови - лице со уверение за стручна оспособеност на FMP персонал или инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

7. Човечки фактор - лице со уверение за стручна оспособеност на FMP персонал или инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

8. Системи и опрема - лице со уверение за стручна оспособеност на FMP персонал или инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

9. Воздухопловен англиски јазик - лице дипломиран филолог-професор по англиски јазик со специјалност воздухопловна фразеологија.

24.2. Критериуми за испитувачи за практичниот дел од испитот за стекнување со уверение за стручна оспособеност за FMP персонал

1. Лице со уверение за стручна оспособеност на FMP персонал, или инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела”.

По точката 24 се додава нова точка 25, која гласи:

“25. Критериуми за испитувачи за спроведување на теоретскиот и практичниот дел од испитот за стекнување на уверение за стручна оспособеност на персоналот кој врши подготовка и издавање на воздухопловни информации, карти, публикации и процедури на летање

25.1. Критериуми за испитувачи за теоретскиот дел од испитот за стекнување на уверение за стручна оспособеност на персоналот кој врши подготовка и издавање на воздухопловни информации, карти, публикации и процедури на летање

1. Воздухопловни прописи од областа на воздухопловни информации - лице дипломиран правник со важечка дозвола или уверение за стручна оспособеност за персонал во воздухопловство или лице со стручна подготовка или оспособеност за ЕУ правото и со сертификат за завршена обука за NSA; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

2. Вовед во АТМ услуги - лице со уверение за стручна оспособеност на AIS персонал за инструктор или со дозвола за контролор за летање, предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

3. Воздухопловно информирање - лице со уверение за стручна оспособеност на AIS персонал за инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

4. Метеорологија - лице метеоролог со важечка дозвола за работа и овластување прогностичар инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

5. Навигација - лице со важечка дозвола за контролор за летање; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

6. Воздухоплови - лице со уверение за стручна оспособеност на AIS персонал за инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

7. Човечки фактор - лице со уверение за стручна оспособеност на AIS персонал за инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

8. Системи и опрема - лице со уверение за стручна оспособеност на AIS персонал за инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела.

9. Воздухопловен англиски јазик - лице дипломиран филолог - професор по англиски јазик со завршен курс за воздухопловна фразеологија.

25.2. Критериуми за испитувачи за практичен дел од испитот за стекнување со уверение за стручна оспособеност на персоналот кој врши подготовка и издавање на воздухопловни информации, карти, публикации и процедури на летање

1. Лице со уверение за стручна оспособеност на AIS персонал за инструктор; предложениот кандидат да не бил казнуван по основа на воздухопловни прекршоци и дела".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.01-3581/1
18 март 2009 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески**, с.р.